АГРОКУМАНОВО АД Куманово, врз основа на Одлука на Одбор на директори на Друштвото бр. 02 – 151 од 02.12.2016 год., објавува

# **ОГЛАС**

## **ЗА ВТОРА ЈАВНА ПРОДАЖБА НА МЕТАЛНА И ДРУГА СТОКА**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба на метална и друга стока со јавно наддавање според спецификација на лагер листа на АГРОКУМАНОВО АД Куманово и тоа:

**I**. Метална и друга стока која се наоѓа во **Склад - 3** на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, на ул. Индустриска бр. 11, Куманово: украсни елементи за метална ограда ( копја, пирамиди..), метални каси, ХТЗ ракавици, врати, прозорци и други артикли, во вкупен износ од **90.635,00 денари**.

**Продажбата ќе се одржи во петок на 23.12.2016 год. во 12,00 часот во седиште на Друштвото на ул. Индустриска бр.11 во Куманово.**

Проценета вредност на стоката според спецификацијата со лагер листа по артикли и количини се утврдува како почетна цена без ДДВ е објавена на интернет страна на Друштвото.

Спецификацијата на стоката која е предмет на јавна продажба е достапна во седиштето на Друштвото на ул. Индустриска бр.11 Куманово, канцеларија на Секторот за финансии - Комисија за јавно наддавање, која ја спроведува продажбата.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десетина) од утврдена вредност на стоката од овој оглас. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметка на Друштвото бр. 210040848960174 Деп. НЛБ Банка АД Скопје, ЕДБ: МК 4017996100108.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранција им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач - купувач на стоката е должен да ја положи цената на денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

**ИНФОРМАЦИИ на телефон: 031/412-777, 070/622-212 и на интернет страница www.agrokumanovo.com.mk**